# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

16 април 2025 | Излегува по потреба | Година XX | број 7



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКА НА УЧИЛИШЕН ОДБОР НА ООУ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СТАЈКОВЦИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА РАСХОДУВАЊЕ НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлука на училишен одбор на ООУ "Кирил и Методиј" - Стајковци, Општина Гази Баба - Скопје, за расходување на основни средства, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 16 април 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2446/1**
**од 16 април 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 108 став (1) алинеја 13, а во врска со член 113 став (1) алинеја 23 од Законот за основното образование ("Службен весник на РСМ" бр.161/19, 229/20, 3/25 и 74/25), член 34 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници ("Службен весник на РМ" бр.28/03, 62/06, 8/09, 175/11 и 101/13) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на ООУ "Кирил и Методиј" - Стајковци, Општина Гази Баба - Скопје, бр.09-1820/1 од 19.03.2025 година, Советот на Општина Гази Баба на педесет и осмата седница одржана на 16 април 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКА НА УЧИЛИШЕН ОДБОР НА ООУ "КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СТАЈКОВЦИ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ЗА РАСХОДУВАЊЕ НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност на Одлука за расходување на основни средства (електронска опрема), бр.02-22/9 од 07.02.2025 година, донесена од училишниот одбор на ООУ "Кирил и Методиј" - Стајковци, Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ООУ "Кирил и Методиј" - Стајковци, Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Се задолжува директорот на ООУ "Кирил и Методиј" - Стајковци, Општина Гази Баба - Скопје да ја спроведе оваа одлука и одлуката на училишниот одбор од членот 1 од оваа одлука, заради книжење на разликите и усогласување на сметководствената со фактичката состојба, утврдена со редовниот попис.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-2288/3**
**од 16 април 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ПРЕДЛОГ И ОПРЕДЕЛУВАЊЕ
НА ИМЕ НА СПОРТСКО - РЕКРЕАТИВЕН ЦЕНТАР
ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ИНЏИКОВО**

1. Се објавува Одлуката за прифаќање на предлог и определување на име на Спортско - рекреативен центар во населено место Инџиково, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 16 април 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-2446/2
од 16 април 2025 година
Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по предлогот за определување на име на Спортско - рекреативен центар во населено место Инџиково, бр.09-1735/1 од 14.03.2025 година, утврден од Совет на МЗ Инџиково, Советот на Општина Гази Баба на педесет и осмата седница одржана на 16 април 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ПРЕДЛОГ И ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИМЕ НА СПОРТСКО - РЕКРЕАТИВЕН ЦЕНТАР ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ИНЏИКОВО**

**Член 1**

Со оваа одлука се прифаќа предлогот за определување на име на Спортско - рекреативен центар во населено место Инџиково, бр.09-1735/1 од 14.03.2025 година, утврден од Совет на МЗ Инџиково.

**Член 2**

Се определува име на Спортско - рекреативен центар во населено место Инџиково, и тоа:

**''Спортско - рекреативен центар - ''ГОРАН СТОЈМЕНОВИЌ''**.

**Член 3**

Одлуката да се достави до Совет на МЗ Инџиково.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-2288/4**
**од 16 април 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА<br>ЗА СТЕКНУВАЊЕ СТАТУС НА ''ОБЈЕКТ ВО СОСТАВ<br>НА ЈУДГ ''25 МАЈ'' - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ'',<br>И ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИМЕ НА ОБЈЕКТОТ ВО СОСТАВ<br>НА ЈУДГ ''25 МАЈ'' - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ,<br>ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ТРУБАРЕВО**

1. Се објавува Одлуката за стекнување статус на ''објект во состав на ЈУДГ ''25 Мај - Општина Гази Баба - Скопје'', и определување на име на објектот во состав на ЈУДГ ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје, во населено место Трубарево, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 16 април 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-2446/3**<br>**од 16 април 2025 година**<br>**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**<br>**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**<br>**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на педесет и осмата седница одржана на 16 април 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА СТЕКНУВАЊЕ СТАТУС НА ''ОБЈЕКТ ВО СОСТАВ НА ЈУДГ ''25 МАЈ'' - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ'', И ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИМЕ НА ОБЈЕКТОТ ВО СОСТАВ НА ЈУДГ ''25 МАЈ'' - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ТРУБАРЕВО**

**Член 1**

Со ова одлука, објектот на градинката во изградба во населеното место Трубарево, на КП 171/5 КО Трубарево, врз основа на издадено правосилно одобрение за градење бр.28-3/1374-8-2024 од 10 јуни 2024 година, се стекнува со статус на ''објект во состав на ЈУДГ ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје''.

**Член 2**

За име на објектот во состав на ЈУДГ ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје, се определува - **''КОКИЧЕ''**.

**Член 3**

Одлуката да се достави до ЈУДГ ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-2288/5**
**од 16 април 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА**
**ЗА СТЕКНУВАЊЕ СТАТУС НА ''ОБЈЕКТ ВО СОСТАВ**
**НА ЈУДГ ''25 МАЈ'' - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ'',**
**И ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИМЕ НА ОБЈЕКТОТ ВО СОСТАВ**
**НА ЈУДГ ''25 МАЈ'' - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ,**
**ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ИНЏИКОВО**

1. Се објавува Одлуката за стекнување статус на ''објект во состав на ЈУДГ ''25 Мај - Општина Гази Баба - Скопје'', и определување на име на објектот во состав на ЈУДГ ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје, во населено место Инџиково, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 16 април 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-2446/4**
**од 16 април 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на педесет и осмата седница одржана на 16 април 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА СТЕКНУВАЊЕ СТАТУС НА ''ОБЈЕКТ ВО СОСТАВ НА ЈУДГ ''25 МАЈ'' - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ'', И ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ИМЕ НА ОБЈЕКТОТ ВО СОСТАВ НА ЈУДГ ''25 МАЈ'' - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ, ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО ИНЏИКОВО**

**Член 1**

Со ова одлука, објектот на градинката во изградба во населеното место Инџиково, на дел од КП 396/1 и КП 396/8 КО Инџиково, врз основа на издадено правосилно одобрение за градење бр.28-3/3274-8-2024 од 5 септември 2024 година, се стекнува со статус на ''објект во состав на ЈУДГ ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје''.

**Член 2**

За име на објектот во состав на ЈУДГ ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје, се определува - **''ЛАВЧЕ''**.

**Член 3**

Одлуката да се достави до ЈУДГ ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-2288/6**
**од 16 април 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД КАНЦЕЛАРИЈАТА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ЗА ПРОЕКТНИ УСЛУГИ (УНОПС) ПРЕКУ ПРОЕКТОТ ''ЕУ ЗА ЧИСТ ВОЗДУХ''**

1. Се објавува Одлуката за примање на донација од Канцеларијата на Обединетите нации за проектни услуги (УНОПС) преку проектот ''ЕУ за чист воздух'', што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 16 април 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-2446/5**
**од 16 април 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 6 и член 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на РМ" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 6 став (3) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на педесет и осмата седница одржана на 16 април 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД КАНЦЕЛАРИЈАТА НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ЗА ПРОЕКТНИ УСЛУГИ (УНОПС) ПРЕКУ ПРОЕКТОТ ''ЕУ ЗА ЧИСТ ВОЗДУХ"**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Гази Баба во својство на примател на донација прима донација од Канцеларијата на Обединетите нации за проектни услуги (УНОПС), во својство на дaвател на донација.

**Член 2**

Донацијата се состои од 54 (педесетичетири) садници на дрва од видот: **Platanus orientalis - Чинар**.

**Член 3**

Донацијата е во вкупна вредност од 103.527,00 денари без ДДВ.

**Член 4**

Донираните садници од член 1 од оваа одлука ќе бидат засадени во следните општински основни училишта:

- ООУ ''Наум Наумовски - Борче'' - 15 садници,
- ООУ ''Његош'' - 10 садници,
- ООУ ''Дане Крапчев'' - 3 садници,
- ООУ ''Крсте Мисирков'' - 10 садници,
- ООУ ''25 Мај'' - 11 садници, и
- Парк Железара ООУ ''Григор Прличев'' - 5 садници.

**Член 5**

За реализација на оваа одлука, се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор за донација во писмена форма со давателот на донацијата, согласно Законот за облигационите односи.

**Член 6**

Одлуката да се достави до давателот на донацијата и општинската администрација.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-2288/7**
**од 16 април 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД ''СОЈУЗ НА РОТАРИ КЛУБОВИ ВО МАКЕДОНИЈА''**

1. Се објавува Одлуката за примање на донација од ''Сојуз на Ротари клубови во Македонија'', што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 16 април 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-2446/6**
**од 16 април 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 6 и член 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности (''Службен весник на РМ'' бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 6 став (3) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и ''Службен весник на РСМ'' бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на педесет и осмата седница одржана на 16 април 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД**
**''СОЈУЗ НА РОТАРИ КЛУБОВИ ВО МАКЕДОНИЈА''**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Гази Баба во својство на примател на донација прима донација од ''Сојуз на Ротари клубови во Македонија'' (СРКМ), во својство на дaвател на донација.

**Член 2**

Донацијата се состои од 2.000 (двеилјади) медоносни садници на дрва од видовите: **Јавор, Јасен и Багрем**.

**Член 3**

Донацијата е во вкупна вредност од 80.000,00 денари без ДДВ.

**Член 4**

Донираните садници од член 1 од оваа одлука ќе бидат засадени на површина од околу 1 хектар (ха) на падините на Скопска Црна Гора.

**Член 5**

За реализација на оваа одлука, се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор за донација во писмена форма со давателот на донацијата, согласно Законот за облигационите односи.

**Член 6**

Одлуката да се достави до давателот на донацијата и општинската администрација.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-2288/8**
**од 16 април 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД ЈАВНО
ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. Се објавува Одлуката за примање на донација од Јавно претпријатие за државни патишта на Република Северна Македонија, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 16 април 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-2446/7**
**од 16 април 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 6 и член 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности (''Службен весник на РМ'' бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на педесет и осмата седница одржана на 16 април 2025 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Гази Баба во својство на примател на донација прима донација од Јавното претпријатие за државни патишта на Република Северна Македонија, во својство на давател на донација.

**Член 2**

Донацијата се состои од 400 м$^3$ отпадна гребана асфалтна маса.

**Член 3**

За реализација на оваа одлука, се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор за донација во писмена форма со давателот на донацијата, согласно Законот за облигационите односи.

**Член 4**

Одлуката да се достави до давателот на донацијата и општинската администрација.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-2288/9**
**од 16 април 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБАТА ОД ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗАШТИТНИ ЗОНИ НА БУШОТИНАТА, ЗА ВОДОСНАБДИТЕЛЕН СИСТЕМ ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО БРЊАРЦИ**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на потребата од определување на заштитни зони на бушотината, за водоснабдителен систем во населено место Брњарци, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 16 април 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-2446/8**
**од 16 април 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 2, член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 96 став (2) и член 99 став (1) од Законот за водите ("Службен весник на РМ" бр.87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и "Службен весник на РСМ" бр.151/21 и 3/25) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на педесет и осмата седница одржана на 16 април 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБАТА
ОД ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗАШТИТНИ ЗОНИ
НА БУШОТИНАТА, ЗА ВОДОСНАБДИТЕЛЕН
СИСТЕМ ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО БРЊАРЦИ**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува потребата од определување на заштитни зони на бушотината, за водоснабдителен систем во населено место Брњарци.

**Член 2**

Градоначалникот на Општина Гази Баба согласно законските надлежности со поднесок до Министерството за животна средина и просторно планирање, ќе укаже на потребата од определување на заштитните зони на изворот (бушотината) за водоснабдителен систем во населено место Брњарци.

**Член 3**

За определување на заштитните зони ќе се спроведе постапка за изработка на Елаборат со кој ќе се утврдат заштитните зони и заштитните мерки врз основа на проучувањата и резултатите од истражните работи.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-2288/10**
**од 16 април 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ И
ИСТАКНАТИ ЛИЧНОСТИ СО СПОМЕН - ОБЕЛЕЖЈА
ЗА ПЕРИОД 2025 - 2029 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен - обележја за период 2025 - 2029 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 16 април 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-2446/9
од 16 април 2025 година
Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 17 од Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата ("Службен весник на РМ" бр.66/04, 89/08, 152/15 и "Службен весник на РСМ" бр.103/21), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на педесет и осмата седница одржана на 16 април 2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ И ИСТАКНАТИ ЛИЧНОСТИ СО СПОМЕН - ОБЕЛЕЖЈА ЗА ПЕРИОД 2025 - 2029 ГОДИНА**

**Член 1**

Се утврдува Програма за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен - обележја за период 2025 - 2029 година.

**Член 2**

За период 2025 - 2029 година, Општина Гази Баба со спомен - обележја ќе ги одбележи следните настани и истакнати личности:

(1) Дане Крапчев (1912-1944), првоборец и учесник во Национално-ослободителната војна на Македонскиот народ во Втората Светска Војна, убиен од бугарските фашисти, со спомен - обележје (биста),

(2) Свети Кирил и Методиј македонски браќа од Солун во IX век, ја добиле титулата Апостоли на Словените, основоположници на словенската писменост и литература и се заслужни за културниот развој на сите словенски народи. Иако имаат и посебни празници на денот на нивното упокојување, тие имаат и заеднички празник на 24 мај. Поради нивните заслуги за христијанството Светата црква ги прогласила за рамни на апостолите, со спомен - обележје (биста),

(3) Наум Наумовски - Борче (1920-1960), првоборец и учесник во Национално-ослободителната војна на Македонскиот народ во Втората светска војна, носител на Орден народен херој, учесник на Првото заседание на Анти-фашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија, со спомен - обележје (биста),

(4) Стефан Наумов - Стив (1920-1942), првоборец и учесник во Национално-ослободителната војна на Македонскиот народ во Втората светска војна, носител на Орден народен херој, со спомен - обележје (биста),

(5) Јани Лукровски (1921-1948), борец, припадник на Народно-ослободителната и анти-фашистичка борба на Македонија и Демократската армија на Грција, со спомен - обележје (плоча),

(6) Загинатите граѓани во поплавите од 6 август 2016 година во Општина Гази Баба, со спомен - обележје (плоча), и

(7) Величко Велјанов - Чичето (1874-1943), македонски револуционер, учесник во македонското револуционерно движење, војвода во Македонската револуционерна организација и Внатрешната македонска револуционерна организација, со спомен - обележје (биста).

**Член 3**

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-2288/11**
**од 16 април 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА
ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ НА ОПШТИНА
ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за изменување на Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2025 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 16 април 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-2446/10
од 16 април 2025 година
Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точки 5, 6 и 7 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), член 49 од Законот за здруженија и фондации (''Службен весник на РМ'' бр.52/10, 135/11, 55/16 и ''Службен весник на РСМ'' бр.239/22), член 22-а од Законот за спортот (''Службен весник на РМ'' бр.29/02, 66/04, 83/05, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и ''Службен весник на РСМ'' бр.98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25), член 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите (''Службен весник на РМ'' бр.6/12, 166/14, 150/15 и ''Службен весник на РСМ'' бр.53/21 и 39/25) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на педесет и осмата седница одржана на 16 април 2025 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА

1. Во Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2025 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.24/24), во точка 1 бројот ''28.293.000,00'' се заменува со бројот **''36.288.000,00''**.

2. Во точка 3 бројот ''8.100.000,00'' се заменува со бројот **''16.095.000,00''**, а по потточка 8 се додаваат потточки 9 и 10 кои гласат:

''9) Финансиска помош за пензионери со ниски пензии - 7.695.000,00 денари;

10) Општински весник - 300.000,00 денари.''

3. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-2288/12**
**од 16 април 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за изменување на Програмата за основното образование на Општина Гази Баба за 2025 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 16 април 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-2446/11**
**од 16 април 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точки 5 и 8 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на педесет и осмата седница одржана на 16 април 2025 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА**

1. Во Програмата за основното образование на Општина Гази Баба за 2025 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.24/24), во точка 1 бројот ''19.459.313,00'' се заменува со бројот **''26.350.138,00''**.

2. Во точка 4 бројот ''3.512.600,00'' се заменува со бројот **''3.512.650,00''**.

3. Во точка 5 бројот ''14.200.200,00'' се заменува со бројот **''21.090.825,00''** и во точка 5 алинеја 1 (за ученички униформи во основните училишта) бројот ''14.000.000,00'' се заменува со бројот **''20.890.825,00''**.

4. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-2288/13**
**од 16 април 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2025 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 16 април 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-2446/12**
**од 16 април 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоупава(Службен весник на РМ бр. 5/2002год и Службен весник на РСМ бр. 202/2024.) и член 29 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр. 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015, 209/2018, Службен весник на РСМ бр. 244/2019, 53/2021, 77/2021,150/2021,173/2022, 170/2024 и 37/2025), Советот на општината ГАЗИ БАБА на **58та** седница, одржана на 16.04.2025 година, донесе:

# ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА БУЏЕТОТ

## на Општина ГАЗИ БАБА за 2025

## 1. Општ дел

Член 1

Буџетот на Општината **ГАЗИ БАБА** за **2025** година, се состои од :

| | | | |
|---|---|---|---|
| **I. Вкупни приходи** | | **1.631.006.914** | **1.631.006.914** |
| | Даночни приходи | 542.169.407 | 542.169.407 |
| | Неданочни приходи | 77.750.000 | 77.750.000 |
| | Капитални приходи | 89.000.000 | 89.000.000 |
| | Приходи од дотации | 692.079.959 | 692.079.959 |
| | Приходи од трансфери | 226.544.548 | 226.544.548 |
| | Приходи од донации | 3.463.000 | 3.463.000 |
| **II. Вкупни расходи** | | **1.686.597.328** | **1.705.562.076** |
| | Од утврдени намени | 1.685.397.328 | 1.704.362.076 |
| | Расходи од резерви | 1.200.000 | 1.200.000 |
| **III. Дефицит** | | **-55.590.414** | **-74.555.162** |
| **IV. Финансирање** | | **55.590.414** | **74.555.162** |
| **Прилив** | | **62.790.414** | **81.755.162** |
| | Домаш.задолжувања | 0 | 0 |
| | Депозити | **62.790.414** | **81.755.162** |
| | Одлив | 7.200.000 | 7.200.000 |
| | Отплата на главница | 7.200.000 | 7.200.000 |

Член 2

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходит по основни намени се утврдени во билансот на расходи и тоа како што следува :

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ - ребаланс

## Ниво на: Ставка

| Категорија / Ставка | О П И С | Буџетски приходи | | Приходи од самофинансирачки активности | | Приходи од дотации | | Приходи од донации | | Приходи од кредити | | Вкупни приходи | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс |
| | | **956.463.955** | **975.428.703** | **40.000.000** | **40.000.000** | **692.079.959** | **692.079.959** | **5.253.414** | **5.253.414** | **0** | **0** | **1.693.797.328** | **1.712.762.076** |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **542.169.407** | **542.169.407** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **542.169.407** | **542.169.407** |
| 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 64.510.000 | 64.510.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 64.510.000 | 64.510.000 |
| 713 | Даноци на имот | 184.000.000 | 184.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 184.000.000 | 184.000.000 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 293.559.407 | 293.559.407 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 293.559.407 | 293.559.407 |
| 718 | Такси на користење или дозволи за врШење на дејност | 100.000 | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 100.000 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **37.750.000** | **37.750.000** | **40.000.000** | **40.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **77.750.000** | **77.750.000** |
| 722 | Глоби, судски и административни такси | 2.100.000 | 2.100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.100.000 | 2.100.000 |
| 723 | Такси и надоместоци | 100.000 | 100.000 | 40.000.000 | 40.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 40.100.000 | 40.100.000 |
| 725 | Други неданочни приходи | 35.550.000 | 35.550.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 35.550.000 | 35.550.000 |
| **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **89.000.000** | **89.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **89.000.000** | **89.000.000** |
| 733 | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 89.000.000 | 89.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 89.000.000 | 89.000.000 |
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **287.544.548** | **306.509.296** | **0** | **0** | **692.079.959** | **692.079.959** | **5.253.414** | **5.253.414** | **0** | **0** | **984.877.921** | **1.003.842.669** |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 287.544.548 | 306.509.296 | 0 | 0 | 692.079.959 | 692.079.959 | 1.790.414 | 1.790.414 | 0 | 0 | 981.414.921 | 1.000.379.669 |
| 742 | Донации од странство | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.463.000 | 3.463.000 | 0 | 0 | 3.463.000 | 3.463.000 |

# БИЛАНС НА РАСХОДИ - ребаланс

## Ниво на: Ставка

| Категорија / Ставка | О П И С | Буџетски расходи – Буџет | Буџетски расходи – Ребаланс | Расходи од самофинансирачки активности – Буџет | Расходи од самофинансирачки активности – Ребаланс | Расходи од дотации – Буџет | Расходи од дотации – Ребаланс | Расходи од донации – Буџет | Расходи од донации – Ребаланс | Расходи од кредити – Буџет | Расходи од кредити – Ребаланс | Вкупни расходи – Буџет | Вкупни расходи – Ребаланс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **956.463.955** | **975.428.703** | **40.000.000** | **40.000.000** | **692.079.959** | **692.079.959** | **5.253.414** | **5.253.414** | **0** | **0** | **1.693.797.328** | **1.712.762.076** |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **112.760.000** | **112.760.000** | **0** | **0** | **567.575.000** | **567.575.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **680.335.000** | **680.335.000** |
| 401 | Основни плати | 69.520.000 | 69.520.000 | 0 | 0 | 401.075.000 | 401.075.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 470.595.000 | 470.595.000 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 29.740.000 | 29.740.000 | 0 | 0 | 156.000.000 | 156.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 185.740.000 | 185.740.000 |
| 404 | Надоместоци | 13.500.000 | 13.500.000 | 0 | 0 | 10.500.000 | 10.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 24.000.000 | 24.000.000 |
| **41** | **РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **1.200.000** | **1.200.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.200.000** | **1.200.000** |
| 412 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 400.000 | 400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 400.000 | 400.000 |
| 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 800.000 | 800.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 800.000 | 800.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **173.944.129** | **183.513.877** | **36.950.000** | **36.950.000** | **116.119.959** | **116.119.959** | **4.574.051** | **4.574.051** | **0** | **0** | **331.588.139** | **341.157.887** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 550.000 | 550.000 | 250.000 | 250.000 | 0 | 0 | 1.814.000 | 1.814.000 | 0 | 0 | 2.614.000 | 2.614.000 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 36.454.129 | 36.633.052 | 9.100.000 | 9.100.000 | 57.254.959 | 57.254.959 | 0 | 0 | 0 | 0 | 102.809.088 | 102.988.011 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 31.200.000 | 38.090.825 | 20.900.000 | 20.900.000 | 12.215.000 | 12.215.000 | 1.101.051 | 1.101.051 | 0 | 0 | 65.416.051 | 72.306.876 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 59.290.000 | 59.290.000 | 3.100.000 | 3.100.000 | 33.950.000 | 33.950.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 96.340.000 | 96.340.000 |
| 425 | Договорни услуги | 17.950.000 | 17.950.000 | 2.200.000 | 2.200.000 | 12.700.000 | 12.700.000 | 1.581.000 | 1.581.000 | 0 | 0 | 34.431.000 | 34.431.000 |
| 426 | Други тековни расходи | 9.500.000 | 9.500.000 | 1.400.000 | 1.400.000 | 0 | 0 | 78.000 | 78.000 | 0 | 0 | 10.978.000 | 10.978.000 |
| 427 | Привремени вработувања | 19.000.000 | 21.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 19.000.000 | 21.500.000 |
| **45** | **КАМАТНИ ПЛАЌАЊА** | **4.500.000** | **4.500.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **4.500.000** | **4.500.000** |
| 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 4.500.000 | 4.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.500.000 | 4.500.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **87.746.073** | **97.141.073** | **500.000** | **500.000** | **5.385.000** | **5.385.000** | **529.363** | **529.363** | **0** | **0** | **94.160.436** | **103.555.436** |
| 461 | Субвенции за јавни претпријатија | 39.248.760 | 39.248.760 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 39.248.760 | 39.248.760 |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 21.035.650 | 21.035.650 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 21.035.650 | 21.035.650 |
| 464 | Разни трансфери | 27.461.663 | 36.856.663 | 500.000 | 500.000 | 5.385.000 | 5.385.000 | 529.363 | 529.363 | 0 | 0 | 33.876.026 | 43.271.026 |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **3.500.000** | **3.500.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **3.500.000** | **3.500.000** |
| 471 | Социјални надоместоци | 3.500.000 | 3.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.500.000 | 3.500.000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **565.613.753** | **565.613.753** | **2.550.000** | **2.550.000** | **3.000.000** | **3.000.000** | **150.000** | **150.000** | **0** | **0** | **571.313.753** | **571.313.753** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 1.600.000 | 1.600.000 | 1.100.000 | 1.100.000 | 1.500.000 | 1.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.200.000 | 4.200.000 |
| 482 | Други градежни објекти | 541.813.753 | 541.813.753 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 | 150.000 | 0 | 0 | 541.963.753 | 541.963.753 |
| 483 | Купување на мебел | 0 | 0 | 1.450.000 | 1.450.000 | 1.500.000 | 1.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.950.000 | 2.950.000 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 10.000.000 | 10.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000.000 | 10.000.000 |

# БИЛАНС НА РАСХОДИ - ребаланс

## Ниво на: Ставка

| Категорија / Ставка | О П И С | Буџетски расходи | | Расходи од самофинансирачки активности | | Расходи од дотации | | Расходи од донации | | Расходи од кредити | | Вкупни расходи | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс |
| | | **956.463.955** | **975.428.703** | **40.000.000** | **40.000.000** | **692.079.959** | **692.079.959** | **5.253.414** | **5.253.414** | **0** | **0** | **1.693.797.328** | **1.712.762.076** |
| 489 | Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | 12.200.000 | 12.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 12.200.000 | 12.200.000 |
| **49** | **ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА** | **7.200.000** | **7.200.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **7.200.000** | **7.200.000** |
| 492 | Отплата на главнина кон домашни институции | 7.200.000 | 7.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.200.000 | 7.200.000 |

# БИЛАНС НА КАПИТАЛНИ РАСХОДИ - ребаланс

## Ниво на: Ставка

| Категорија / Ставка | О П И С | Буџетски расходи | | Расходи од самофинансирачки активности | | Расходи од дотации | | Расходи од донации | | Расходи од кредити | | Вкупни расходи | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс |
| | | **565.613.753** | **565.613.753** | **2.550.000** | **2.550.000** | **3.000.000** | **3.000.000** | **150.000** | **150.000** | **0** | **0** | **571.313.753** | **571.313.753** |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **565.613.753** | **565.613.753** | **2.550.000** | **2.550.000** | **3.000.000** | **3.000.000** | **150.000** | **150.000** | **0** | **0** | **571.313.753** | **571.313.753** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 1.600.000 | 1.600.000 | 1.100.000 | 1.100.000 | 1.500.000 | 1.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.200.000 | 4.200.000 |
| 482 | Други градежни објекти | 541.813.753 | 541.813.753 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150.000 | 150.000 | 0 | 0 | 541.963.753 | 541.963.753 |
| 483 | Купување на мебел | 0 | 0 | 1.450.000 | 1.450.000 | 1.500.000 | 1.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.950.000 | 2.950.000 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 10.000.000 | 10.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.000.000 | 10.000.000 |
| 489 | Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации | 12.200.000 | 12.200.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 12.200.000 | 12.200.000 |

# БИЛАНС НА ТЕКОВНО - ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ ребаланс

## Ниво на: Ставка

| Категорија / Ставка | О П И С | Буџетски расходи | | Расходи од самофинансирачки активности | | Расходи од дотации | | Расходи од донации | | Расходи од кредити | | Вкупни расходи | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс | Буџет | Ребаланс |
| | | **390.850.202** | **409.814.950** | **37.450.000** | **37.450.000** | **689.079.959** | **689.079.959** | **5.103.414** | **5.103.414** | **0** | **0** | **1.122.483.575** | **1.141.448.323** |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **112.760.000** | **112.760.000** | **0** | **0** | **567.575.000** | **567.575.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **680.335.000** | **680.335.000** |
| 401 | Основни плати | 69.520.000 | 69.520.000 | 0 | 0 | 401.075.000 | 401.075.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 470.595.000 | 470.595.000 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 29.740.000 | 29.740.000 | 0 | 0 | 156.000.000 | 156.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 185.740.000 | 185.740.000 |
| 404 | Надоместоци | 13.500.000 | 13.500.000 | 0 | 0 | 10.500.000 | 10.500.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 24.000.000 | 24.000.000 |
| **41** | **РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **1.200.000** | **1.200.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.200.000** | **1.200.000** |
